Universiteti i Tetovës - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет во Тетово - Република Северна Македонија
Nr.-Бр. 02-4480/3
28. 12. 2022 vhi/год.
Tetovë - Тетово

Врз основа на членот 94 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија", број 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 178/2021) и членот 85 од Статутот на Универзитетот во Тетово, Сенатот на Универзитетот во Тетово, на седницата одржана на 24.11.2022 донесе:

# П Р А В И Л Н И К
**за уредување на меѓународната соработка на Универзитетот во Тетово**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

Член 1

(1) Со овој правилник се уредуваат начинот и постапката за остварување на меѓународната соработка на Универзитетот во Тетово (во натамошниот текст: Универзитетот), како и прашањата поврзани со воспоставувањето, развивањето, спроведувањето, координирањето и следењето на меѓународната соработка.

(2) Со овој правилник се уредуваат особено: организацијата и надлежностите во областа на меѓународната соработка, формите и областите на меѓународна соработка, воспоставувањето институционална соработка и склучувањето договори, меѓународната мобилност на студенти и вработени, приемот на странски студенти и гостински кадар, учеството во меѓународни програми, проекти, асоцијации и мрежи, финансирањето, евиденцијата, следењето и известувањето, како и други прашања од значење за меѓународната соработка.

Член 2

(1) Меѓународната соработка на Универзитетот се остварува во согласност со закон, Статутот на Универзитетот, овој правилник и другите општи акти на Универзитетот.

(2) При остварувањето на меѓународната соработка се применуваат и правилата, условите и процедурите утврдени со меѓународните договори, програми, проекти и други акти во кои Универзитетот учествува, доколку не се во спротивност со законодавството на Република Северна Македонија и актите на Универзитетот.

Поим и дефинирање на меѓународната соработка

Член 3

(1) Меѓународната соработка, во смисла на овој правилник, претставува систем на институционални, академски, научноистражувачки, стручни и други активности што Универзитетот ги остварува со високообразовни и научноистражувачки институции, меѓународни организации, универзитетски мрежи и асоцијации, јавни и приватни институции, професионални и други сродни организации и субјекти во странство.
(2) Меѓународната соработка може да се остварува на институционално, универзитетско, факултетско, институтско и друго организациско ниво, во согласност со надлежностите утврдени со закон, Статутот и другите општи акти на Универзитетот.

## II. ЦЕЛИ И НАЧЕЛА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

Цели на меѓународната соработка

Член 4

(1) Меѓународната соработка на Универзитетот се остварува со цел:

- унапредување на квалитетот на високото образование, научноистражувачката и стручната дејност;
- развивање и унапредување на академските, научните и институционалните врски со високообразовни, научноистражувачки и други сродни институции во странство;
- поттикнување и унапредување на мобилноста и размената на студенти, академски и административен кадар;
- размена на знаења, научни и стручни достигнувања, искуства и добри практики;
- развивање и реализација на заеднички образовни, научноистражувачки и стручни активности и проекти;
- поттикнување на учеството на Универзитетот во меѓународни образовни, научноистражувачки и стручни програми;
- развивање на интеркултурниот дијалог и соработката меѓу академските заедници;
- зголемување на меѓународната видливост, препознатливост и конкурентност на Универзитетот;

- унапредување на интернационализацијата на образовниот, научноистражувачкиот и стручниот процес;
- создавање можности за стекнување и развивање на меѓународни академски и професионални компетенции;
- воспоставување долгорочни и одржливи партнерства со странски институции и организации; и
- придонес кон развојот на високото образование, науката и општеството преку меѓународна академска и научна соработка.

Начела на меѓународната соработка

Член 5

(1) Меѓународната соработка на Универзитетот се заснова на следниве начела:

- начело на законитост – остварување на меѓународната соработка во согласност со закон, Статутот и другите општи акти на Универзитетот, како и со применливите меѓународни правила и договори;
- начело на академска слобода и автономија – почитување на академската слобода, институционалната автономија и слободата на научното и стручното творештво;
- начело на квалитет – насочување на меѓународната соработка кон унапредување на квалитетот на образованието, науката и стручната работа;
- начело на заемност и партнерство – развивање на соработката врз основа на меѓусебна корист, почитување, доверба и рамноправно партнерство;
- начело на еднакви можности и недискриминација – обезбедување еднакви можности за учество во активностите на меѓународната соработка, без дискриминација по која било основа утврдена со закон;
- начело на транспарентност и отчетност – обезбедување јасни и достапни информации за можностите, постапките и критериумите поврзани со меѓународната соработка, како и одговорност за преземените активности;
- начело на објективност и непристрасност – донесување одлуки врз основа на однапред утврдени, јасни и применливи критериуми;
- начело на инклузивност – поттикнување учество на различни категории студенти и вработени во активностите на меѓународната соработка;
- начело на меѓусебно почитување – почитување на различностите, културните особености, академските традиции и вредности на партнерските институции и
- начело на одржливост – развивање на долгорочни партнерства и активности што создаваат трајни академски, научни и институционални резултати.

Интернационализација

Член 6

(1) Универзитетот ја развива интернационализацијата како интегриран процес насочен кон вклучување на меѓународната и интеркултурната димензија во образовната, научноистражувачката, стручната и институционалната дејност.

(2) Интернационализацијата се остварува особено преку:
- развивање и унапредување на меѓународни партнерства;
- зголемување на учеството во меѓународни програми и проекти;
- унапредување на мобилноста на студентите и вработените;
- развивање на заеднички студиски, научноистражувачки и стручни активности со странски партнери;
- поттикнување на размена на знаења, искуства и добри практики;
- вклучување на меѓународна и интеркултурна димензија во наставата и научноистражувачката работа; и
- создавање услови за поголема меѓународна препознатливост и поврзаност на Универзитетот.

Квалитет, заемност, транспарентност и еднакви можности

Член 7

(1) Во планирањето и реализацијата на активностите од меѓународната соработка Универзитетот се стреми кон постигнување висок квалитет и мерливи академски, научноистражувачки и институционални резултати.
(2) Меѓународната соработка се воспоставува и се развива врз принципот на заемност, при што се земаат предвид интересите и придобивките на Универзитетот и на партнерските институции.
(3) Информациите за можностите и постапките за учество во меѓународни програми и активности се објавуваат на транспарентен и навремен начин, во согласност со природата на активноста и правилата на соодветната програма или договор.
(4) При изборот на учесници во активностите на меѓународната соработка се применуваат однапред утврдени и објективни критериуми и се обезбедуваат еднакви можности, транспарентност и недискриминација.

(5) Во остварувањето на меѓународната соработка се почитуваат академскиот интегритет, професионалните стандарди, достоинството и правата на сите учесници.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И НАДЛЕЖНОСТИ

Организација на меѓународната соработка

Член 8

(1) Меѓународната соработка на Универзитетот се организира, координира и реализира преку органите и организационите единици на Универзитетот, во рамките на нивните надлежности утврдени со закон, Статутот, Правилникот за внатрешна организација и другите општи акти на Универзитетот.

(2) Во остварувањето на меѓународната соработка учествуваат особено:
- проректорот за меѓународна соработка (овластен од ректорот);
- Одделението за меѓууниверзитетска соработка со универзитетите во државата и во странство;
- факултетите и институтите;
- други организациони единици на Универзитетот, во согласност со нивната надлежност и
- други лица определени со актите на Универзитетот или со актите со кои се уредува конкретната форма на меѓународна соработка.

Проректор за меѓународна соработка

Член 9

(1) Проректорот за меѓународна соработка ја координира и ја унапредува меѓународната соработка на Универзитетот, во рамките на надлежностите утврдени со Статутот и другите општи акти на Универзитетот.

(2) Проректорот особено:

- предлага мерки и активности за развивање и унапредување на меѓународната соработка;

- ја координира соработката со странски високообразовни и научноистражувачки институции, меѓународни организации, мрежи и асоцијации;
- учествува во иницирањето и развивањето на меѓународни партнерства;
- ја следи реализацијата на договорите, програмите и проектите од областа на меѓународната соработка;
- иницира и поддржува учество на Универзитетот во меѓународни програми, проекти, мрежи и асоцијации;
- предлага активности за унапредување на мобилноста на студентите и вработените;
- соработува со факултетите, институтите и другите организациони единици во планирањето и реализацијата на активностите од меѓународната соработка;
- се грижи за координирано и навремено спроведување на активностите од областа на меѓународната соработка и
- врши и други работи утврдени со закон, Статутот, овој правилник и другите општи акти на Универзитетот.

(3) Проректорот за меѓународна соработка за својата работа одговара во согласност со Статутот и другите општи акти на Универзитетот.

Одделение за меѓууниверзитетска соработка со универзитетите во државата и во странство

Член 10

(1) Одделението за меѓууниверзитетска соработка со универзитетите во државата и во странство, во рамките на своите надлежности утврдени со Правилникот за внатрешна организација, ги врши стручните, административните и координативните работи поврзани со меѓународната соработка на Универзитетот.
(2) Одделението особено:
- подготвува и предлага план за работа и се грижи за реализација на планот за работа на Одделението;
- се грижи и ја следи соработката на Универзитетот со универзитетите во државата и во странство и динамиката на реализацијата на правата и обврските утврдени со договорите и нивно продолжување на времетраењето;

- изготвува нацрт-текст договор за соработка со Универзитетите во државата и во странство;
- ја следи реализацијата на договорите и другите акти за меѓународна соработка и навремено известува за нивниот статус;
- се грижи за зачленување на Универзитетот во Европската ректорска конференција и Светската ректорска конференција и ја следи програмата за работа на овие меѓународни институции;
- аплицира за активно вклучување на Универзитетот во европските образовни и научноистражувачки проекти;
- учествува во научни установи,организира научни собири симпозиуми, семинари, советувања и други видови собири;
- се грижи за остварување на соработката со други високообразовни установи од странство од аспект на размена на студенти и наставен кадар;
- ги следи можностите за учество на Универзитетот во меѓународни програми и повици и ги информира релевантните организациони единици;
- обезбедува административна поддршка за спроведување на постапките за меѓународна мобилност;
- води и ажурира евиденција за меѓународните договори, партнерства, програми, проекти и реализирани активности;
- обезбедува информации за можностите за меѓународна соработка и мобилност и ги објавува на начин утврден со актите на Универзитетот;
- подготвува податоци и извештаи за активностите од областа на меѓународната соработка;
- врши и други работи утврдени со Статутот на Универзитетот.

Факултети и институти

Член 11

(1) Факултетите и институтите учествуваат во воспоставувањето и реализацијата на меѓународната соработка во рамките на својата дејност и надлежност.
(2) Факултетите и институтите особено:
    - иницираат и предлагаат соработка со странски високообразовни, научноистражувачки и други сродни институции;
    - учествуваат во подготовката и реализацијата на меѓународни договори, проекти, програми и други активности;
    - предлагаат и учествуваат во реализацијата на активности за мобилност и размена на студенти и вработени;

- определуваат одговорни лица или координатори за конкретни активности на меѓународна соработка, кога тоа е потребно;
- обезбедуваат академска и стручна поддршка на учесниците во активностите на меѓународната соработка;
- доставуваат до Одделението податоци и информации потребни за водење на евиденцијата и подготовка на извештаи и
- вршат и други работи поврзани со меѓународната соработка согласно својата надлежност.

(3) Факултетите и институтите ги реализираат активностите од меѓународната соработка во координација со проректорот за меѓународна соработка и Одделението, во согласност со надлежностите утврдени со закон, Статутот и другите општи акти на Универзитетот.

## IV. ФОРМИ И ОБЛАСТИ НА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Форми на меѓународна соработка

Член 12

(1) Меѓународната соработка на Универзитетот се остварува преку различни форми на академска, научноистражувачка, стручна и институционална соработка со странски високообразовни и научноистражувачки институции, меѓународни организации и други сродни субјекти.

(2) Меѓународната соработка може да се остварува особено преку:

- воспоставување и развивање институционални партнерства и склучување договори за соработка;
- академска соработка и размена на наставни и академски искуства;
- научноистражувачка соработка и реализација на заеднички научноистражувачки активности;
- меѓународна мобилност и размена на студенти, академски и административен кадар;
- развивање и реализација на заеднички и меѓународни студиски програми;
- организирање и учество во меѓународни конференции, конгреси, симпозиуми, семинари, работилници и други академски и стручни настани;
- изработка и објавување заеднички научни и стручни трудови и публикации;
- размена и споделување научна и стручна литература, информации, наставни материјали и други академски ресурси;

- ангажирање и прием на гостински професори, истражувачи, стручни лица и други претставници на партнерски институции;
- организирање заеднички наставни, научни и стручни активности;
- учество во меѓународни програми, проекти, мрежи, асоцијации и други облици на меѓународно поврзување;
- размена на искуства и добри практики во областа на високото образование, науката и стручната дејност;
- развивање на други облици на академска и институционална соработка од заеднички интерес; и
- други форми на соработка во согласност со закон, Статутот и другите општи акти на Универзитетот.

Области на меѓународна соработка

Член 13

(1) Меѓународната соработка може да се остварува во сите области од дејноста на Универзитетот, особено во:
   - високообразовната и наставно-образовната дејност;
   - научноистражувачката и развојната дејност;
   - стручната и апликативната дејност;
   - развојот и унапредувањето на студиските програми;
   - развојот на наставните методи и дигиталните образовни практики;
   - професионалниот и академскиот развој на студентите и вработените;
   - културата, уметноста и општествено-хуманистичките активности;
   - иновациите, трансферот на знаење и технологија и претприемништвото;
   - одржливиот развој и општествената одговорност;
   - развојот на институционалните капацитети и управувањето со високото образование; и
   - други области од значење за развојот и мисијата на Универзитетот.

Начин на остварување на соработката

Член 14

(1) Меѓународната соработка може да се остварува на билатерално и мултилатерално ниво, непосредно или преку меѓународни програми, проекти, мрежи, асоцијации и други форми на институционално поврзување.

(2) Активностите на меѓународната соработка можат да се реализираат на универзитетско ниво, како и во рамките на факултетите, институтите и другите организациони единици на Универзитетот, во согласност нивните надлежности.
(3) За реализација на конкретни активности на меѓународна соработка може да се склучуваат посебни договори, протоколи, меморандуми, спогодби и други акти, во согласност со одредбите од овој правилник и другите општи акти на Универзитетот.
(4) Формата, обемот и начинот на реализација на конкретната соработка се определуваат во согласност со природата на соработката, договорените обврски на страните и правилата на соодветната програма или проект.

## V. ВОСПОСТАВУВАЊЕ ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ

Иницијатива за воспоставување институционална соработка

Член 15

(1) Иницијатива за воспоставување институционална соработка со странска високообразовна, научноистражувачка или друга сродна институција може да покренат ректорот, проректорот за меѓународна соработка, факултет, институт или друга организациона единица на Универзитетот, како и други овластени лица во согласност со актите на Универзитетот.
(2) Иницијативата може да произлезе и од предлог или понуда доставена од странска институција или организација.
(3) Иницијативата се доставува до Одделението за меѓууниверзитетска соработка со универзитетите во државата и во странство, кое ја евидентира и ја разгледува од аспект на формалната и административната целисходност.

Предлог за воспоставување соработка

Член 16

(1) Предлогот за воспоставување институционална соработка се подготвува врз основа на иницијативата и треба да содржи најмалку:

- податоци за предложениот странски партнер;
- образложение за потребата и оправданоста на соработката;

- предмет и цели на предложената соработка;
- предложени области и форми на соработка;
- предложени активности и очекувани резултати;
- времетраење на соработката;
- начинот на финансирање, доколку со соработката се предвидуваат финансиски обврски; и
- други податоци од значење за оценување на предлогот.

(2) Кога иницијативата потекнува од факултет или институт, предлогот се подготвува во координација со Одделението.

Разгледување и оценување на предлогот

Член 17

(1) Одделението го разгледува предлогот од аспект на неговата усогласеност со закон, Статутот, овој правилник и другите општи акти на Универзитетот.

(2) При разгледувањето на предлогот се оценуваат особено:
- академската, научната и стручната оправданост на предложената соработка;
- усогласеноста со стратешките определби и интересите на Универзитетот;
- релевантноста и кредибилитетот на предложениот партнер;
- можностите за реализација на предложените активности;
- финансиските и други обврски што можат да произлезат од соработката и
- други околности од значење за воспоставувањето на соработката.

(3) Одделението може да побара мислење од факултет, институт, стручна служба или друго надлежно лице, зависно од предметот на предложената соработка.

Одобрување на соработката

Член 18

(1) По разгледувањето на предлогот, Одделението го доставува предлогот со соодветно образложение и, доколку е потребно, со добиени мислења до проректорот за меѓународна соработка.
(2) Проректорот за меѓународна соработка го разгледува предлогот и, во согласност со своите надлежности, го доставува до надлежниот орган на Универзитетот за донесување одлука, односно одобрување на воспоставувањето на соработката.

(3) Одлуката за одобрување на воспоставувањето институционална соработка ја донесува надлежниот орган во согласност со закон, Статутот и другите општи акти на Универзитетот.

Подготовка и склучување на договор

Член 19

(1) По одобрувањето на воспоставувањето на соработката, Одделението во координација со предлагачот и, кога е потребно, со надлежните стручни служби на Универзитетот, подготвува предлог-текст на договорот, меморандумот, спогодбата, протоколот или друг соодветен акт за соработка.

(2) Договорот, односно другиот акт за соработка, особено ги содржи:
- називот и седиштето на договорните страни;
- предметот и целите на соработката;
- областите и формите на соработка;
- правата и обврските на договорните страни;
- начинот и роковите за реализација на предвидените активности;
- начинот на финансирање и распределбата на финансиските обврски, доколку е применливо;
- лицата или организационите единици одговорни за координација на соработката;
- времетраењето на договорот;
- условите и постапката за изменување, продолжување и престанок на договорот; и
- други прашања од значење за реализацијата на соработката.

(3) Пред потпишување, предлог-текстот се разгледува од надлежните стручни служби на Универзитетот, кога тоа е потребно.

(4) Договорот, меморандумот, спогодбата, протоколот или другиот акт за соработка го потпишува ректорот или друго овластено лице согласно закон, Статутот и другите општи акти на Универзитетот.

Реализација и следење на договорите

Член 20

(1) Реализацијата на договорите и другите акти за меѓународна соработка се врши во согласност со нивната содржина, утврдените обврски, временската рамка и планот на активности.

(2) За реализацијата на договорот се определува одговорно лице или организациона единица, кога тоа е предвидено со договорот или кога е потребно за негово спроведување.
(3) Одделението ја следи административната реализација на договорите и обезбедува координација со надлежните организациони единици на Универзитетот.
(4) Факултетите, институтите и другите организациони единици кои учествуваат во реализацијата на договорот се должни да ги спроведуваат преземените активности и да доставуваат до Одделението податоци и информации потребни за следење и евидентирање на реализацијата.

Изменување, продолжување и престанок на договорот

Член 21

(1) Договорот за меѓународна соработка може да се измени или дополни со согласност на договорните страни, во согласност со условите и постапката утврдени во договорот.
(2) Иницијатива за изменување или дополнување на договорот може да покренат договорните страни, проректорот за меѓународна соработка, факултет, институт или друга организациона единица која учествува во неговата реализација.
(3) Договорот може да се продолжи по истекот на неговиот рок, доколку постои интерес за продолжување на соработката и доколку договорните страни постигнат согласност за тоа.
(4) Иницијативата за продолжување на договорот се разгледува пред истекот на рокот на неговото важење, а постапката за продолжување се спроведува во согласност со одредбите од овој правилник, доколку со договорот не е предвидено поинаку.
(5) Договорот престанува:
  - со истекот на рокот за кој е склучен;
  - со спогодбено раскинување;
  - со еднострано раскинување, во случаи и под услови утврдени со договорот и применливите прописи; или
  - во други случаи утврдени со закон или со договорот.

(6) Одделението го евидентира изменувањето, продолжувањето или престанокот на договорот и ги известува релевантните организациони единици на Универзитетот.

## VI. МЕЃУНАРОДНА МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИ

Меѓународна мобилност на студенти

Член 22

(1) Универзитетот го поттикнува и гп поддржува учеството на студентите во меѓународна мобилност како дел од процесот на интернационализација и унапредување на квалитетот на високото образование.
(2) Меѓународната мобилност на студентите се остварува преку програми и проекти за размена, билатерални и мултилатерални договори, меѓуинституционални договори и други облици на меѓународна соработка.
(3) Мобилноста се реализира во согласност со закон, Статутот, овој правилник, правилата на соодветната програма или проект и условите утврдени со договорите со партнерските институции.

Видови студентска мобилност

Член 23

(1) Меѓународната студентска мобилност може да се остварува како:

- студиски престој на студент на партнерска високообразовна институција во странство;
- практикантска или стручна мобилност во странство, кога тоа е предвидено со соодветната програма или договор;
- краткорочна мобилност;
- долгорочна мобилност;
- комбинирана или виртуелна мобилност, кога е предвидена со соодветната програма и
- други форми на студентска мобилност во согласност со условите на соодветните програми и договори.

(2) Мобилноста може да се остварува на прв, втор и трет циклус на студии, во согласност со условите утврдени со закон, студиската програма и правилата на соодветната програма.

Услови за учество

Член 24

(1) На меѓународна студентска мобилност може да учествува студент кој ги исполнува условите утврдени со соодветната програма, проект или договор, како и условите утврдени со актите на Универзитетот.

(2) Условите за учество можат да се однесуваат особено на:

- статусот на студент;
- степенот и годината на студирање;
- остварениот број кредити;
- академскиот успех;
- познавањето на јазикот потребен за реализација на мобилноста;
- исполнувањето на специфични услови утврдени од партнерската институција или програмата и
- други услови релевантни за конкретната форма на мобилност.

(3) Доколку со правилата на меѓународната програма или договорот се утврдени посебни услови, се применуваат тие услови.

Објавување повик и информирање

Член 25

(1) Одделението за меѓууниверзитетска соработка со универзитетите во државата и во странство ги информира студентите за можностите за меѓународна мобилност и ги објавува повиците за пријавување на транспарентен и навремен начин.

(2) Повикот особено содржи:

- назив и опис на програмата или активноста;
- партнерска институција или институции;
- број и вид на расположливи места;
- период и времетраење на мобилноста;
- услови и критериуми за учество;
- потребна документација;
- рок и начин на поднесување на пријавата;
- информации за финансиската поддршка, доколку е предвидена; и
- други информации од значење за кандидатите.

Пријавување и селекција на кандидати

Член 26

(1) Студентот се пријавува на повикот во рокот и на начинот утврден со повикот.
(2) Кон пријавата се доставува документација утврдена со повикот и правилата на соодветната програма или проект.
(3) Изборот на кандидати се врши врз основа на однапред утврдени, објективни и транспарентни критериуми.
(4) Критериумите за селекција можат да опфаќаат:
- академски успех;
- број и остварени кредити;
- познавање на јазикот на наставата или работниот ангажман;
- усогласеност на планираната активност со студиската програма;
- мотивација и релевантност на мобилноста за академскиот развој на студентот и
- други критериуми утврдени со правилата на конкретната програма или повик.

(5) Постапката за селекција се спроведува на начин што обезбедува еднакви можности, транспарентност и недискриминација.

Права и обврски на студентот

Член 27

(1) Студентот кој е избран за меѓународна мобилност има право:
- да добие информации и административна поддршка во текот на постапката;
- да биде информиран за условите и обврските поврзани со мобилноста;
- да остварува права во согласност со договорот, програмата и актите на Универзитетот;
- да му бидат признаени академските резултати остварени во рамките на одобрената мобилност, согласно правилата за признавање; и
- да добие соодветна документација за реализираната мобилност.

(2) Студентот е должен:
- да ги почитува правилата на Универзитетот и на партнерската институција;
- да ги исполнува академските и другите обврски преземени во рамките на мобилноста;
- да ја реализира мобилноста во согласност со одобрениот план;
- навремено да го извести Универзитетот за околности што можат да влијаат врз реализацијата на мобилноста;

- да ја достави потребната документација пред, за време и по завршувањето на мобилноста; и
- да постапува согласно правилата на соодветната програма и договорот за мобилност.

Академско признавање на мобилноста

Член 28

(1) На студентот му се признава периодот на студирање или другата академска активност реализирана во странство, доколку мобилноста е претходно одобрена и активностите се реализирани во согласност со одобрениот план и условите на соодветната програма или договор.
(2) Пред започнување на мобилноста се утврдува планот на студирање или другите активности што студентот ќе ги реализира во странство, во согласност со студиската програма и правилата за мобилност.
(3) Признавањето на остварените кредити и академски резултати се врши во согласност со важечките прописи, студиската програма, правилата на Универзитетот и условите на соодветната меѓународна програма.
(4) Студентот не може да биде оштетен во однос на неговиот академски статус поради учество во одобрена меѓународна мобилност.

Финансиска поддршка

Член 29

(1) Студентите кои учествуваат во меѓународна мобилност можат да остваруваат финансиска поддршка во согласност со правилата и расположливите средства на соодветната меѓународна програма, проект, Универзитетот или друг извор на финансирање.
(2) Условите, висината, начинот на исплата и другите прашања поврзани со финансиската поддршка се утврдуваат во согласност со правилата на соодветната програма или проект и применливите акти на Универзитетот.
(3) Учеството во мобилност без финансиска поддршка не го исклучува студентот од можноста за учество во програмата, доколку тоа е дозволено со правилата на соодветната програма.

Завршување и известување за мобилноста

Член 30

(1) По завршувањето на мобилноста, студентот е должен да ја достави документацијата утврдена со правилата на програмата или проектот и со актите на Универзитетот.
(2) Одделението ја евидентира реализираната мобилност и ги обработува податоците потребни за следење и известување за меѓународната студентска мобилност.
(3) Студентот може да биде повикан да сподели искуства и добри практики од реализираната мобилност со други студенти и со Универзитетот.
(4) Начинот и роковите за доставување на документацијата и известувањето се определуваат со правилата на соодветната програма или со посебна процедура на Универзитетот.

## VII. МЕЃУНАРОДНА МОБИЛНОСТ НА АКАДЕМСКИ И АДМИНИСТРАТИВЕН КАДАР

Меѓународна мобилност на академски и административен кадар

Член 31

(1) Универзитетот ја поттикнува и ја поддржува меѓународната мобилност на академскиот и административниот кадар со цел унапредување на наставната, научноистражувачката и стручната работа, развивање на професионалните компетенции и размена на знаења, искуства и добри практики.
(2) Меѓународната мобилност се остварува преку меѓународни програми и проекти, договори со партнерски институции, билатерални и мултилатерални договори и други облици на меѓународна соработка.
(3) Мобилноста се реализира во согласност со закон, Статутот, овој правилник, другите општи акти на Универзитетот и правилата на соодветната програма, проект или договор.

Видови мобилност

Член 32

(1) Меѓународната мобилност на академскиот кадар може да се реализира особено преку:

- одржување настава или други образовни активности на партнерска институција;
- научноистражувачки престој;
- учество во научни и стручни активности;
- учество на конференции, конгреси, симпозиуми и други академски настани;
- размена на искуства и добри практики;
- стручно усовршување и обуки;
- подготовка и реализација на заеднички образовни и научноистражувачки активности и
- други форми на мобилност во согласност со правилата на соодветната програма или договор.

(2) Меѓународната мобилност на административниот кадар може да се реализира особено преку:

- стручни обуки;
- размена на искуства и добри практики;
- разни форми на практично учење;
- учество во работни состаноци и активности поврзани со меѓународни програми и проекти;
- развивање на професионални компетенции и
- други форми на професионална мобилност согласно правилата на соодветната програма или договор.

Услови за учество

Член 33

(1) На меѓународна мобилност може да учествува академски или административен кадар кој ги исполнува условите утврдени со соодветната програма, проект или договор и условите утврдени со актите на Универзитетот.

(2) Условите за учество можат да се однесуваат особено на:

- работниот статус на кандидатот;
- работното место и областа на ангажман;
- релевантноста на планираната мобилност за работата и професионалниот развој;
- познавањето на јазикот потребен за реализација на мобилноста;

- исполнувањето на условите на партнерската институција или програмата и
- други услови релевантни за конкретната мобилност.

Повик и пријавување

Член 34

(1) Одделението за меѓууниверзитетска соработка со универзитетите во државата и во странство ги информира вработените за можностите за меѓународна мобилност и ги објавува повиците за пријавување.

(2) Повикот особено содржи:

- назив и опис на програмата или активноста;
- партнерската институција;
- вид и времетраење на мобилноста;
- услови и критериуми за учество;
- потребна документација;
- рок и начин на пријавување;
- информации за финансиската поддршка, доколку е предвидена; и
- други информации релевантни за кандидатите.

(3) Пријавувањето се врши на начин и во рок утврдени со повикот и правилата на соодветната програма.

Избор на кандидати

Член 35

(1) Изборот на кандидати за меѓународна мобилност се врши врз основа на однапред утврдени, објективни и транспарентни критериуми.

(2) При изборот се земаат предвид особено:

- релевантноста на мобилноста за работата и професионалниот развој;
- академските, научноистражувачките или стручните активности на кандидатот;
- квалитетот и остварливоста на предложената програма за мобилност;
- придонесот на мобилноста кон развојот на Универзитетот;
- познавањето на јазикот, кога тоа е услов за реализација на активноста; и
- други критериуми утврдени со правилата на конкретната програма или повик.

(3) При изборот се обезбедуваат еднакви можности, транспарентност и недискриминација.

Одобрување и реализација на мобилноста

Член 36

(1) Меѓународната мобилност на академскиот и административниот кадар се одобрува во согласност со надлежностите утврдени со закон, Статутот и другите општи акти на Универзитетот.
(2) Пред започнување на мобилноста се утврдува план или програма за мобилност, согласно правилата на соодветната програма, проект или договор.
(3) За време на мобилноста учесникот е должен да ги исполнува обврските утврдени со одобрениот план, програмата за мобилност и правилата на партнерската институција.
(4) Мобилноста не смее да влијае врз остварувањето на правата и обврските од работниот однос, освен во делот во кој тоа е утврдено со закон, акт на Универзитетот или соодветниот договор.

Права и обврски и известување по завршување на мобилноста

Член 37

(1) Учесникот во меѓународна мобилност има право:
- да добие информации и административна поддршка во постапката;
- да биде информиран за условите и обврските поврзани со мобилноста;
- да остварува финансиска поддршка, доколку е предвидена;
- да добие потврда или друга соодветна документација за реализираната мобилност и
- да ги користи стекнатите знаења и искуства во понатамошната работа на Универзитетот.

(2) Учесникот е должен:
- да ги почитува правилата на Универзитетот и партнерската институција;
- да ја реализира одобрената програма за мобилност;
- навремено да го извести Универзитетот за околности што можат да влијаат врз реализацијата на мобилноста;
- да ја достави потребната документација пред, за време и по завршувањето на мобилноста; и
- по завршувањето на мобилноста да достави извештај или друга документација, согласно правилата на програмата или Универзитетот.

(3) Одделението ја евидентира реализираната мобилност и ги обработува податоците потребни за следење и известување.

(4) Универзитетот може да организира активности за споделување на стекнатите знаења и искуства од реализираните мобилности со други вработени и организациони единици.

## VIII. ПРИЕМ НА СТРАНСКИ СТУДЕНТИ И ГОСТИНСКИ КАДАР

Прием на странски студенти и гостински кадар

Член 38

(1) Универзитетот поттикнува и развива прием на странски студенти, гостински професори, истражувачи, стручни лица и други претставници на партнерски и други високообразовни, научноистражувачки и сродни институции.
(2) Приемот се остварува во рамките на меѓународни програми и проекти, договори за соработка, програми за мобилност и размена, како и врз основа на други облици на меѓународна соработка.
(3) Приемот се спроведува во согласност со закон, Статутот, овој правилник, другите општи акти на Универзитетот и правилата на соодветната програма или договор.

Прием на странски студенти

Член 39

(1) Странските студенти можат да реализираат студиски престој на Универзитетот врз основа на меѓународна програма за мобилност, договор за меѓуинституционална соработка или друга соодветна основа.
(2) Приемот на странски студенти се врши во согласност со условите утврдени со соодветната програма, договорот со партнерската институција и прописите и актите на Универзитетот.
(3) На странскиот студент, во рамките на можностите на Универзитетот, му се обезбедуваат информации и административна поддршка во врска со:

- студиските програми и предметите што може да ги избере;
- условите за реализација на студискиот престој;
- правата и обврските за време на престојот;
- административните постапки поврзани со престојот и

- други прашања од значење за успешно реализирање на студискиот престој.

(4) Странскиот студент ги ужива правата и ги исполнува обврските во согласност со закон, актите на Универзитетот, правилата на програмата и договорот врз основа на кој е примен.

Прием на гостински професори и истражувачи

Член 40

(1) Универзитетот може да прима гостински професори, истражувачи и други академски или стручни лица од странство заради:
- одржување настава и други образовни активности;
- реализација на научноистражувачки активности;
- учество во научни и стручни проекти;
- учество во конференции, симпозиуми, семинари и други академски настани;
- размена на знаења, искуства и добри практики;
- развивање на заеднички студиски и научноистражувачки активности; и
- други активности од заеднички академски и стручен интерес.

(2) Приемот на гостинскиот кадар се врши врз основа на покана, договор, програма или друг акт за соработка, согласно закон, Статутот и другите општи акти на Универзитетот.
(3) Пред приемот се определуваат целта, времетраењето, видот на активностите и, кога е применливо, правата и обврските на гостинскиот кадар.

Иницирање и одобрување на приемот

Член 41

(1) Иницијатива за прием на странски студент или гостински кадар може да поднесе факултет, институт, друга организациона единица, проректорот за меѓународна соработка или друго овластено лице.
(2) Иницијативата се доставува до Одделението за меѓууниверзитетска соработка со универзитетите во државата и во странство, кое обезбедува административна и координативна поддршка во постапката.
(3) Приемот се одобрува од надлежниот орган или овластено лице согласно закон, Статутот и другите општи акти на Универзитетот.
(4) За приемот на странски студенти и гостински кадар Одделението води соодветна евиденција.

Поддршка на странските студенти и гостинскиот кадар

Член 42

(1) Универзитетот, во рамките на своите можности и надлежности, обезбедува административна и институционална поддршка за успешна интеграција на странските студенти и гостинскиот кадар во академската средина.

(2) Поддршката може да опфаќа:

- обезбедување информации за академскиот процес и условите за престој;
- помош при административните постапки поврзани со реализацијата на престојот;
- упатување до надлежните служби и организациони единици;
- обезбедување информации за академските и други активности на Универзитетот и
- други форми на поддршка согласно можностите и потребите.

(3) Факултетите, институтите и другите организациони единици се должни, во рамките на своите надлежности, да обезбедат услови за непречено реализирање на академските и стручните активности на странските студенти и гостинскиот кадар.

Права и обврски на странските студенти и гостинскиот кадар

Член 43

(1) Странските студенти и гостинскиот кадар имаат право да бидат информирани за условите, правилата и обврските поврзани со нивниот престој и активностите на Универзитетот.

(2) Странските студенти и гостинскиот кадар се должни да ги почитуваат законите на Република Северна Македонија, Статутот, општите акти на Универзитетот, правилата на организационата единица во која ги реализираат активностите, како и условите утврдени со програмата, договорот или друг акт врз основа на кој е реализиран приемот.

(3) Начинот на регулирање на престојот, ангажманот, надоместоците и другите права и обврски на гостинскиот кадар се утврдуваат во согласност со применливите прописи, актите на Универзитетот и соодветниот договор или акт за ангажман.

(4) По завршувањето на престојот, странскиот студент или гостинскиот кадар, кога тоа е предвидено со програмата или договорот, доставува соодветна документација за реализираните активности.

## IX. МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ И ПРОГРАМИ

Учество во меѓународни програми и проекти

Член 44

(1) Универзитетот учествува во европски и меѓународни образовни, научноистражувачки, стручни, развојни и други програми и проекти од значење за остварување на неговата мисија и стратешките цели.
(2) Учество во меѓународни програми и проекти може да се остварува како:
- координатор или носител на програмата или проектот;
- партнерска институција;
- член на конзорциум или друга форма на партнерство;
- институција домаќин или испраќач во активности за мобилност и размена; и
- во други форми утврдени со правилата на соодветната програма или проект.

(3) Универзитетот може да учествува во постојни и идни европски и меѓународни програми, вклучително и Erasmus+, CEEPUS, Mevlana, како и во други програми согласно нивната намена, условите и расположливите можности.

Цели на учеството во меѓународни програми и проекти

Член 45

(1) Учеството на Универзитетот во меѓународни програми и проекти има цел:

- унапредување на квалитетот на високото образование и научноистражувачката дејност;
- развивање на меѓународни академски и институционални партнерства;
- унапредување на мобилноста и размената на студенти и вработени;
- развивање и реализација на заеднички образовни и научноистражувачки активности;
- унапредување на институционалните и професионалните капацитети;
- размена и примена на знаења, искуства и добри практики;
- обезбедување дополнителни можности за развој и иновации во образованието и науката и
- зголемување на меѓународната видливост и поврзаност на Универзитетот.

Идентификување и иницирање проектни можности

Член 46

(1) Одделението за меѓууниверзитетска соработка со универзитетите во државата и во странство ги следи можностите за учество на Универзитетот во европски и меѓународни програми и проекти и ги информира релевантните органи и организациони единици.
(2) Иницијатива за учество во меѓународна програма или проект може да покренат ректорот, проректорот за меѓународна соработка, факултет, институт, друга организациона единица или друго овластено лице.
(3) Иницијативата треба да содржи основни информации за програмата или проектот, предложената улога на Универзитетот, целите и очекуваните резултати, партнерите, временската рамка и, кога е применливо, финансиските и други обврски.

Подготовка и поднесување на проектни предлози

Член 47

(1) Подготовката на проектниот предлог се врши во координација со релевантните организациони единици на Универзитетот и во согласност со правилата и условите на соодветната програма или повик.
(2) За секој проектен предлог се определува одговорно лице или проектен тим, во согласност со природата и обемот на проектот.
(3) При подготовката на проектниот предлог особено се води сметка за:

- усогласеноста на проектот со мисијата, стратешките определби и приоритетите на Универзитетот;
- релевантноста и квалитетот на предложените активности;
- капацитетот на Универзитетот за реализација на предвидените активности;
- обврските што произлегуваат од учеството во проектот;
- одржливоста и очекуваните резултати од проектот; и
- финансиските и другите услови утврдени со повикот.

(4) Проектните предлози се поднесуваат од овластено лице и на начин утврден со правилата на соодветната програма или проект.

Одобрување и реализација на меѓународните проекти

Член 48

(1) Учество на Универзитетот во меѓународен проект се одобрува во согласност со надлежностите утврдени со закон, Статутот и другите општи акти на Универзитетот.
(2) По одобрувањето на учеството, за реализација на проектот се определуваат одговорните лица, организационите единици и, кога е потребно, проектен тим.
(3) Проектот се реализира во согласност со одобрениот проектен предлог, договорот за грант, конзорциумскиот договор и другите релевантни акти и правила на соодветната програма.
(4) Одговорното лице или проектниот тим се должни да обезбедат навремено спроведување на активностите и исполнување на преземените обврски.

Координација и следење на проектите

Член 49

(1) Одделението обезбедува административна и координативна поддршка во реализацијата на меѓународните проекти, во рамките на своите надлежности.
(2) За секој проект се води соодветна документација во согласност со правилата на програмата и Универзитетот.
(3) Одговорното лице или проектниот тим доставува до Одделението податоци и информации потребни за следење на реализацијата и за исполнување на обврските за известување.
(4) За проектите се следат особено:

- реализацијата на планираните активности;
- исполнувањето на временската рамка;
- остварувањето на планираните резултати;
- реализацијата на финансиските и други обврски, во соработка со надлежните служби; и
- исполнувањето на обврските за известување кон донаторот, програмата или партнерите.

Известување и резултати од проектите

Член 50

(1) По завршувањето на меѓународниот проект се подготвува завршен извештај во согласност со правилата на соодветната програма или проект.
(2) Резултатите од реализираните меѓународни проекти се евидентираат и, кога е соодветно, се презентираат на релевантните органи и организациони единици на Универзитетот.
(3) Универзитетот поттикнува споделување на резултатите, знаењата и добрите практики стекнати преку меѓународните проекти со академската и стручната заедница.
(4) Искуствата и резултатите од реализираните проекти се користат за унапредување на идните активности на Универзитетот во областа на меѓународната соработка.

## X. ЧЛЕНСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ АСОЦИЈАЦИИ, МРЕЖИ И ОРГАНИЗАЦИИ

Членство во меѓународни асоцијации, мрежи и организации

Член 51

(1) Универзитетот може да се зачленува и да учествува во работата на меѓународни и европски асоцијации, мрежи, организации, унии, иницијативи и други форми на институционално поврзување од значење за високото образование, науката, истражувањето и меѓународната соработка.
(2) Членството има цел:

- унапредување на меѓународната позиција и видливост на Универзитетот;
- воспоставување и развивање партнерства со високообразовни и научноистражувачки институции;
- размена на знаења, искуства и добри практики;
- учество во меѓународни академски и научноистражувачки активности;
- учество во меѓународни иницијативи и процеси од значење за високото образование и науката;
- застапување и афирмирање на интересите и приоритетите на Универзитетот во меѓународниот академски простор и
- други цели од значење за развојот и интернационализацијата на Универзитетот.

Облици на членство и учество

Член 52

(1) Универзитетот може да учествува во меѓународни асоцијации, мрежи и организации како:
- полноправен или придружен член;
- партнер или институционален член;
- потписник на меѓународни декларации, повелби и иницијативи;
- член или учесник во работни групи, комисии, совети и други тела;
- учесник во заеднички програми, проекти и активности и
- во други форми утврдени со актите на соодветната организација или иницијатива.

(2) Универзитетот може да биде член или учесник во европски и меѓународни асоцијации, мрежи и организации, вклучително и European University Association (EUA), Magna Charta Universitatum/Magna Charta Observatory, Eurasian Universities Union (EURAS), Balkan Universities Association (BUA) и други организации и мрежи од значење за неговата дејност.

(3) Листата од ставот (2 )на овој член не е ограничувачка и може да се дополнува со нови членства во согласност со интересите и стратешките определби на Универзитетот.

Иницирање и одобрување на членството

Член 53

(1) Иницијатива за членство или учество во меѓународна асоцијација, мрежа или организација може да покренат ректорот, проректорот за меѓународна соработка, факултет, институт, друга организациона единица или друго овластено лице.

(2) Иницијативата треба да содржи образложение за значењето на предложеното членство, основни информации за организацијата, условите за членство, правата и обврските што произлегуваат од членството и, кога е применливо, финансиските обврски.

(3) Одделението за меѓууниверзитетска соработка со универзитетите во државата и во странство ја разгледува иницијативата и подготвува соодветни информации и предлог за понатамошно постапување.

(4) Одлуката за членство или учество ја донесува надлежниот орган согласно закон, Статутот и другите општи акти на Универзитетот.

Координација и учество во работата

Член 54

(1) За секое значајно членство или учество на Универзитетот може да се определи одговорно лице или организациона единица за координација на активностите и комуникацијата со соодветната меѓународна организација, асоцијација или мрежа.
(2) Одделението ја следи комуникацијата и активностите поврзани со институционалните членства и, во соработка со релевантните организациони единици, обезбедува административна и координативна поддршка.
(3) Претставниците на Универзитетот во меѓународните асоцијации, мрежи и организации постапуваат во рамките на даденото овластување и ги застапуваат интересите на Универзитетот согласно неговите стратешки определби и акти.
(4) За активностите и придобивките од членството може да се подготвуваат периодични информации или извештаи, согласно потребите на Универзитетот.

Финансиски обврски и престанок на членството

Член 55

(1) Финансиските обврски што произлегуваат од членството во меѓународни асоцијации, мрежи и организации се реализираат согласно одлуките на надлежните органи на Универзитетот, расположливите средства и важечките прописи и акти на Универзитетот.
(2) При одлучувањето за продолжување на членството се земаат предвид придобивките од членството, степенот на активност и учество на Универзитетот, остварените резултати и финансиските и другите обврски.
(3) Универзитетот може да престане со членство или учество во меѓународна асоцијација, мрежа или организација согласно условите утврдени со нејзините акти, со одлука на надлежниот орган на Универзитетот.
(4) Одделението го евидентира членството, неговото продолжување или престанок и обезбедува ажурирање на податоците за институционалните членства.

## XI. ФИНАНСИРАЊЕ

Извори на финансирање

Член 56

(1) Активностите од областа на меѓународната соработка се финансираат од:

- средства од Буџетот на Република Северна Македонија, во согласност со намената и расположливите средства;
- сопствени приходи на Универзитетот;
- средства обезбедени преку европски и меѓународни програми и проекти;
- грантови, донации и други средства од домашни и странски извори;
- средства обезбедени од партнерски институции;
- средства од меѓународни организации, фондации и други субјекти; и
- други извори согласно закон и актите на Универзитетот.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член се користат наменски и во согласност со условите утврдени со изворот на финансирање, договорот, програмата или проектот и важечките прописи.

Финансирање на активности на меѓународната соработка

Член 57

(1) Средствата за меѓународна соработка можат да се користат за финансирање или кофинансирање на:
- меѓународна мобилност на студенти и вработени;
- прием и престој на странски студенти и гостински кадар;
- учество и организација на меѓународни конференции, конгреси, симпозиуми, семинари и други академски и стручни активности;
- реализација на меѓународни проекти и програми;
- членарини во меѓународни асоцијации, мрежи и организации;
- патни и трошоци поврзани со престој во странство, во согласност со применливите правила;
- превод, лекторирање, публикации и други активности поврзани со меѓународната соработка;
- активности за промоција и унапредување на меѓународната видливост на Универзитетот и
- други оправдани трошоци поврзани со реализацијата на меѓународната соработка.

Кофинансирање

Член 58

(1) Кога правилата на меѓународната програма или проект предвидуваат сопствено учество или кофинансирање, Универзитетот може да обезбеди средства за покривање на утврдениот дел од трошоците, во согласност со своите финансиски можности и одлуките на надлежните органи.
(2) Кофинансирањето може да се обезбеди од сопствени средства на Универзитетот, средства од организационите единици, проектни средства или други дозволени извори на финансирање.
(3) За секоја обврска за кофинансирање се утврдува изворот на средствата и начинот на обезбедување на средствата пред преземањето на финансиската обврска.

Финансиски обврски и одговорност

Член 59

(1) Финансиските обврски поврзани со меѓународната соработка се преземаат и реализираат во согласност со закон, финансиските прописи и општите акти на Универзитетот.
(2) За секоја меѓународна активност што создава финансиски обврски се обезбедува соодветна документација за оправданоста, одобрувањето и реализацијата на трошоците.
(3) Кај меѓународните проекти, средствата се користат во согласност со одобрениот буџет, договорот за финансирање, правилата на донаторот и другите релевантни акти.
(4) Одговорното лице за проектот или активноста е должно да соработува со надлежните финансиски и стручни служби на Универзитетот и да обезбеди навремено доставување на потребната документација.
(5) Финансиската контрола, книговодственото евидентирање и известувањето се вршат согласно важечките прописи и интерните акти на Универзитетот.

Финансиска транспарентност и отчетност

Член 60

(1) Финансирањето на активностите од меѓународната соработка се спроведува во согласност начелата на законитост, економичност, ефикасност, транспарентност и отчетност.

(2) Универзитетот води соодветна финансиска и административна документација за реализираните активности и обезбедува следливост на средствата во согласност со важечките прописи и правилата на соодветните програми и проекти.

(3) Корисниците на средствата се должни да ги користат средствата наменски и да ја доставуваат потребната документација за оправдување на направените трошоци во роковите и на начин утврдени со применливите прописи, договори и акти на Универзитетот.

## XII. ЕВИДЕНЦИЈА, СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Евиденција на меѓународната соработка

Член 61

(1) Одделението за меѓууниверзитетска соработка со универзитетите во државата и во странство води централизирана евиденција за активностите од областа на меѓународната соработка на Универзитетот.

(2) Евиденцијата особено опфаќа податоци за:

- склучените меѓународни договори, меморандуми, спогодби, протоколи и други акти за соработка;
- партнерските високообразовни, научноистражувачки и други институции;
- меѓународните програми и проекти во кои учествува Универзитетот;
- меѓународната мобилност на студентите;
- меѓународната мобилност на академскиот и административниот кадар;
- примените странски студенти и гостинскиот кадар;
- членствата на Универзитетот во меѓународни асоцијации, мрежи и организации;
- реализираните меѓународни активности, настани и други форми на соработка;
- финансиските средства и извори на финансирање поврзани со меѓународната соработка, во делот за кој Одделението располага со податоци и
- други податоци од значење за следење и унапредување на меѓународната соработка.

(3) Евиденцијата се води во електронска и/или друга соодветна форма и се ажурира континуирано.

Доставување податоци

Член 62

(1) Факултетите, институтите и другите организациони единици на Универзитетот се должни да доставуваат до Одделението податоци и документација за реализираните активности од меѓународната соработка во рамките на својата надлежност.
(2) Податоците се доставуваат во рок и на начин утврдени со интерна процедура, образец или барање на Одделението.
(3) Одделението може да побара дополнителни податоци и документација кога тоа е потребно за целосно и точно водење на евиденцијата, подготовка на извештаи или исполнување на обврските на Универзитетот кон надворешни институции, програми или организации.
(4) Организационите единици се одговорни за точноста и навременоста на податоците што ги доставуваат.

Следење и евалуација

Член 63

(1) Универзитетот континуирано ја следи реализацијата на активностите од меѓународната соработка со цел оценување на нивната успешност, ефектите и придонесот кон остварувањето на стратешките цели на Универзитетот.
(2) Следењето особено опфаќа:
- број и реализација на меѓународните договори и партнерства;
- обем и резултати од студентската и кадровската мобилност;
- учество и резултати од меѓународни програми и проекти;
- активноста и придобивките од членството во меѓународни асоцијации и мрежи;
- број и вид на примени странски студенти и гостински кадар;
- реализирани академски, научноистражувачки и стручни активности;
- остварените резултати и придобивки за Универзитетот и
- други показатели релевантни за развојот на меѓународната соработка.

(3) За потребите на следењето и евалуацијата можат да се користат квантитативни и квалитативни показатели.

Известување

Член 64

(1) Одделението подготвува периодични и/или годишни извештаи за реализацијата на меѓународната соработка на Универзитетот.
(2) Извештајот особено содржи податоци за:
- реализираните меѓународни договори и партнерства;
- студентската и кадровската мобилност;
- меѓународните програми и проекти;
- членствата во меѓународни асоцијации, мрежи и организации;
- приемот на странски студенти и гостински кадар;
- реализираните активности и постигнатите резултати;
- финансиските аспекти, во соработка со надлежните служби;
- утврдените предизвици и потреби за унапредување и
- други податоци од значење за меѓународната соработка.

(3) Извештајот се доставува до надлежните органи на Универзитетот во согласност со нивните надлежности.
(4) Податоците од извештаите можат да се користат за планирање на идните активности, подготовка на стратешки документи и унапредување на меѓународната соработка.

Јавност и заштита на податоците

Член 65

(1) Универзитетот обезбедува соодветна јавност и транспарентност на податоците за меѓународната соработка, во согласност со закон, Статутот и другите општи акти на Универзитетот.
(2) На веб-страницата на Универзитетот и на друг соодветен начин може да се објавуваат информации за меѓународните договори, партнерства, програми, проекти, мобилности, можности за соработка и други активности од значење за академската и пошироката јавност.
(3) При водењето, обработката, користењето и објавувањето на податоците се обезбедува заштита на личните податоци и на доверливите информации согласно важечките прописи.

(4) Јавното објавување на податоци се врши на начин со кој се обезбедува транспарентност на работата на Универзитетот, без да се повредат правата и интересите на студентите, вработените, партнерските институции и другите лица.

## XIII. ЗАШТИТА НА ПРАВА, ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Заштита на правата

Член 66

(1) Во спроведувањето на меѓународната соработка Универзитетот ги почитува и обезбедува правата на студентите, академскиот и административниот кадар, странските студенти, гостинскиот кадар и другите учесници во активностите на меѓународната соработка.
(2) Правата и обврските на учесниците се утврдуваат во согласност со закон, Статутот, овој правилник, другите општи акти на Универзитетот и правилата на соодветната програма, проект или договор.
(3) На учесниците во меѓународната соработка им се обезбедуваат навремени и точни информации за условите, критериумите, постапките, роковите, правата и обврските поврзани со конкретната активност.

Еднакви можности и недискриминација

Член 67

(1) Универзитетот обезбедува еднакви можности за учество во активностите на меѓународната соработка.
(2) Изборот на учесници во меѓународни програми, проекти, мобилности и други активности се врши врз основа на однапред утврдени, објективни, релевантни и транспарентни критериуми.
(3) Се забранува секоја форма на дискриминација во пристапот и учеството во активностите на меѓународната соработка, во согласност со закон и општите акти на Универзитетот.
(4) При спроведувањето на активностите се поттикнува обезбедување еднаков пристап и соодветна поддршка за лицата кои, согласно применливите прописи и правилата на конкретната програма, имаат потреба од дополнителна поддршка.

Транспарентност

Член 68

(1) Постапките за учество во меѓународни програми, проекти, мобилности и други активности се спроведуваат на транспарентен и предвидлив начин.
(2) Информациите за можностите за меѓународна соработка, условите за учество, критериумите за избор, роковите, резултатите од постапките и други релевантни информации се објавуваат на начин достапен до заинтересираните лица, согласно закон и актите на Универзитетот.
(3) Критериумите и начинот на избор на кандидати се утврдуваат и објавуваат пред започнувањето на постапката за избор.
(4) Резултатите од постапките се објавуваат на начин со кој се обезбедува транспарентност, а истовремено се почитуваат прописите за заштита на личните податоци.

Приговор и заштита на права

Член 69

(1) Кандидатот или учесникот кој смета дека во постапката за избор, мобилност или друга активност од областа на меѓународната соработка му е повредено право, може да поднесе приговор или да побара заштита на своите права во согласност со закон, Статутот и другите општи акти на Универзитетот.
(2) Приговорот се поднесува до надлежниот орган или лице, во рок и на начин утврден со актите на Универзитетот или со правилата на соодветната програма.
(3) Поднесувањето на приговор не смее да биде основ за неповолен третман на подносителот.

Заштита на личните податоци и доверливоста

Член 70

(1) При спроведувањето на активностите од областа на меѓународната соработка, Универзитетот обезбедува законито, правично и транспарентно обработување на личните податоци.

(2) Личните податоци се собираат, обработуваат, користат, чуваат и споделуваат само за определени и оправдани цели и во обем неопходен за реализација на конкретната активност, согласно важечките прописи.
(3) При размена на податоци со партнерски институции и други субјекти од странство се преземаат соодветни мерки за заштита на личните податоци и доверливите информации.
(4) Лицата кои учествуваат во спроведувањето на меѓународната соработка се должни да ја почитуваат доверливоста на информациите до кои имаат пристап согласно нивните работни и други обврски.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Усогласување на постојните акти и активности

Член 71

(1) Постојните меѓународни договори, меморандуми, спогодби, протоколи и други акти за соработка склучени пред влегувањето во сила на овој правилник продолжуваат да се применуваат до истекот на нивната важност, доколку не се во спротивност со закон, Статутот и другите општи акти на Универзитетот.
(2) Активностите и постапките за меѓународна соработка започнати пред влегувањето во сила на овој правилник продолжуваат во согласност со прописите и актите врз основа на кои се започнати, освен ако со закон или друг акт не е определено поинаку.
(3) Постојните евиденции и документација за меѓународната соработка се усогласуваат со одредбите на овој правилник во рок утврден од надлежниот орган на Универзитетот.

Донесување на интерни процедури и обрасци

Член 72

(1) За спроведување на одредбите од овој правилник, кога е потребно, се донесуваат интерни процедури, упатства, обрасци и други акти.
(2) Интерните процедури, упатства и обрасци од ставот (1) на овој член се донесуваат во согласност со надлежностите утврдени со Статутот и другите општи акти на Универзитетот.

(3) До донесувањето на новите интерни процедури и обрасци, можат да се применуваат постојните процедури и обрасци, доколку не се во спротивност со овој правилник и другите важечки прописи и акти на Универзитетот.

Престанок на важење

Член 73

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат одредбите од други општи акти на Универзитетот со кои прашањата што се уредуваат со овој правилник се уредени на поинаков начин, доколку се во спротивност со одредбите на овој правилник.

Влегување во сила

Член 74

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Претседател на Сенат,

проф. д-р Вулнет Амети